ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И
АНАЛИЗА НА ПОЛИТИКИ - РОМАЛИТИКО

# БРИФ ЗА ПОЛИТИКИ - ПРЕДИЗВИЦИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ ЗА РОМИ

Дениз Селмани
Марија Сулејманова
Алберт Мемети

СКОПЈЕ | АПРИЛ 2022

**Република Северна Македонија ја усвои Декларацијата од Познан во 2019 година и по насоките на Европската Стратешка Рамка во февруари 2022 ја усвои Стратегијата за Роми со цел да ја унапреди социо-економската и правната положба, како и да ги унапреди културните и јазичните права на ромската заедница. Според Извештајот за напредокот на ЕУ 2020, во делот на Национална Стратегија за Роми, може да се заклучи дека постои лимитиран напредок во имплементацијата на националните акциски планови, при што Ковид19 и енергетската криза дополнително ја влошија состојбата на Ромите.**

**Институтот за истражување и анализа на политики Ромалитико секоја година публикува извештај за сенка кој се однесува на спроведувањето на националните акциски планови и вклученоста на Ромите во генералните реформи и политики. Овој краток извештај за јавни политики има за цел да ги претстави клучните предизвици во делот на домување, вработување, политичка претставеност и попис кои подразбираат законски измени за поголема вклученост на ромската заедница во општеството при што ги таргетира претставниците на законодавната власт.**

## Закон за Попис

Според резултатите од спроведениот попис во 2021, во Република Северна Македонија живеат 46,423 Роми како резидентно население или 2.53% од вкупното население. Според податоците од државниот завод за статистика во Република Северна Македонија Ромите имаат највисока стапка на раст во наталитетот, при што во периодот 2002-2020 бројот на родени деца е 33,000 илјади. Имајќи ги во предвид виталните статистики, бројот на ромско население е далеку поголем и според проценките се движи помеѓу 75,000-100,000 Роми. За време на пописот ние како организација и движење утврдивме прекршување на методологијата за спроведување на попис (неможност да се обезбеди попишување на ромски јазик, запишување на податоците во тетратки, немање на увид во внесувањето во електронските уреди, како и голем број на Роми кои не биле попишани за време на спроведувањето на пописот).

**Опција 1:** Имајќи ги во предвид горенаведените податоци, предлогот е да се направи измени во Законот за попис со цел да се овозможи на секој граѓанин по писмено барање да може да има увид во сопствениот пописен прашалник со цел да се утврди веродостојната на податоците. Ваквите измени, ќе ја решат и енигмата за 132,600 лица чии податоци се земени од административните дата бази. Колку за илустрација во општина Шуто Оризари и Општина Чаир, делот со Топаана каде што живее 95% ромско население, земени се податоци за 10,711 лица од административните дата бази.

**Опција 2:** Креирање на политики базирани на докази, подразбира пред се и квалитетни извори на податоци. Една од заложбите од Познан декларацијата како и препораките од ФРА- Агенцијата за фундаментални права е земјите од Западен Балкан да креираат системи за мониторинг и евалуација на политики кои ќе се базираат на податоци. Во таа насока, предлогот е да се воспостави нов инструмент за креирање на јавни политики на Роми т.н. „Ромски индекс/ атлас". Овој инструмент има за цел да послужи како посебна, но комплементарна алатка на јавната администрација за креирање политики засновани на докази и како и алатка за алоцирање на ресурси за Ромите со поддршка на ЕУ. Со други зборови, овој инструмент ќе користи сеопфатни и точни податоци за Ромите во реално време за да ги информира владините приоритети, да го зголеми влијанието на целните политиките и распределбата на средствата од ЕУ и јавната потрошувачка насочени кон подобрување на

состојбата на Ромите. Исто така, овој инструмент ќе воспостави точна основа за систематска процена на напредокот и влијанието на јавните политики во инклузијата на Ромите низ подолг временски период.

## Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност

Според податоците од Агенцијата за вработување, во просек од 1500-2000 Роми се избришани од евиденцијата на АВРСМ по законски основи, при што најчесто оваа категорија се луѓе кои заминале на азил во некоја од земјите од ЕУ. Имајќи во предвид дека Република Северна Македонија е категоризирана како сигурна земја, околу 98% од случаевите се одбиени од азил и се враќаат назад во државата. Притоа овие лица според член 59а – *"**Невработеното лице се брише од евиденцијата на невработени лица и може повторно да се пријави по истекот на една година, а корисниците на права по основ на невработеност го губат и правото**"*. Според овој член, тие се надвор од системот и не може да се интегрираат на пазарот на трудот, ниту пак да ги користат активните мерки за вработување. Во ваквите случаеви наместо да се овозможи лицата кои се социјално ранливи по различни основи да ја подобрат својата вработливост, влегуваат во поголем ризик од сиромаштија.

**Опција 1:** Предлогот е да се намали временскиот рок на забрана за евидентирање во АВРСМ од 1 година на 3 месеци со цел да се овозможи интеграција на лицата на пазарот на труд. На тој начин ќе се овозможи пристап во активните мерки за вработување, зголемување на вештини и намалување на ризикот од сиромаштијата на оваа категорија на граѓани.

**Опција 2:** Наведениот член да се избрише, а лицата кои го испуштиле законски задолжителниот рок за пријавување во Агенцијата за вработување автоматски да преминат од активни баратели на работа во категоријата на други баратели на работи. На долг рок оваа опција ќе овозможи флексибилност на лицата за вклучување во пазарот на труд и ќе придонесе кон поголемо вклучување во системот.

## Закон за една изборна единица

Моменталниот изборен модел најмногу го девалвира гласот на помалите партии, особено на ромските политички партии кои поради географски и политички скроените изборни единици немаат еднакви и фер можности за квантитативно соединување на гласовите на ромскиот електорат, па така избраниците на ромската заедница секогаш доаѓаат од втората изборна единица (Шуто Оризари и Куманово).

Од досега спроведените анализи на Ромалитико може да се забележи дека на изборите во 2014 година бројот на изгубени гласови, односно нераспределени во мандати за пратеници, изнесуваше 87.831, во 2016 година 94.503, додека во 2020 година бројот на изгубени гласови, односно нераспределени во мандати за пратеници изнесува 59.841 што би значело 8 мандати. При изборен модел со една изборна единица нераспределени би останале само 19.465 гласови. Со излезеноста од 51.34% на овие парламентарни избори на политичките партии партиите потребни би им биле 7.275 гласови за да освојат еден мандат.

Со други зборови, останатите Роми кои живеат во повеќе од 50 општини и се распространети низ целата територија на нашата држава не се претставени во Собранието, односно изборниот модел не

дозволува соединување на ромските гласови. Во еден ваков изборен модел, гласовите на повеќе од 35.000 Роми завршуваат на контото на коалициите предводени од поголемите политички партии каде што ромските партии служат како декор и бројка. Исто така, поради моменталниот изборен модел ромските претставници не секогаш вистински можат да ги бранат интересите на ромската заедница бидејќи се избрани во рамки коалициите предводени од програмите на поголемите партии.

**Опција 1:** Моделот со една изборна единица без изборен праг е решение кое што ќе понуди еднакви можности на помалите партии да партиципираат во изборните процеси во државата. Воведување на изборен праг би било повторно на штета на помалите партии бидејќи помалите партии нема да може самостојно да се натпреваруваат на избори и на тој начин ќе бидат зависни да коалицираат со поголемите политички партии.

**Опција 2:** Загарантирани места за партии на етнички заедници по примерот на Хрватска, Косово, Црна Гора, Србија. На овој начин партиите на помалите етнички заедници ќе бидат застапени во Собранието преку директно вклучување во изборниот процес, без да влегуваат во коалиции со поголемите политички партии, со што би се демонтирал еднопартискиот модел на владеење.

И двете решенија нудат создавање на подемократски амбиент и поправедна изборна трка преку која ќе се артикулираат интересите на сите граѓани што ќе придонесе за поголем демократски и општествен развој на државата.

## Предлог Закон за регулирање на статус на бесправно изградени објекти

Легализацијата на бесправно изградените објекти е постапка која се имплементира веќе неколку години во Република Северна Македонија, меѓутоа не постои механизам за следење на барањата за легализација по етичка припадност. Од информациите со кои што располагаме од спроведени истражувања околу 28% од Ромите сеуште ги немаат легализирано своите живеалишта.

Новиот Предлог Закон за регулирање на статус на бесправно изградени објекти е во собраниска процедура, меѓутоа рокот кој го предвидува овој закон (рок од шест месеци) е краток период за доставување на целосно потребната документација за процесот на легализација. Во овој рок спаѓа и делот на разгледување на барањата за легализација кои бараат разгледување на барањето од страна на советите на општините во случај доколку објектот се наоѓа во не урбанизирано подрачје.

Вториот дел кој е критичен е немањето на можност со заверена изјава на нотар да се докаже дека објектот е изграден во рамки на предвидениот период како замена за доказ за приклучок на бесправниот објект на водоводна или електроенергетска инфраструктура издадена од надлежен орган. Изјавата е значајна бидејќи голем дел од ромските семејства кои сеуште немаат легализирани објекти поради не урбанизацијата и други причини немаат можност да доставаат сметка за вода или струја.

1. *Предвидување на подолг рок за легализација, минимум една година можност за доставување на потребната документација*

**Опција 1:** Давање на можност со заверена изјава да се докаже дека објектот е изграден во предвидениот период.

**Опција 2:** Давања на ваква можност само на лица приматели на гарантирана минимална помош (оваа категорија на граѓани може да биде проширена со приматели и на други бенефити од државата според кои што може да се види дека станува збор за ранлива категорија на лица и семејства); или категорија на лица чии годишни приходи не надминуваат повеќе од 300.000 денари.